**- Маките на татковината се повеќе од сите страданија на секоја наша мајка. И јас - без ни најмалку да те навредувам - се чувствувам повеќе син на втората моја мајка - Македонија, отколку на тебе, која си ме родила.**



Христо Узунов е роден на 22 февруари 1878 година во Охрид. Татко му бил учител и активно вклучен во револуционерното движење. Неговата мајка била по потекло од семејството на преродбенскиот деец Ѓорѓи Чакалов од Струга. Христо Узунов своето образование го започнал во родниот град. Како ученик на Солунската гимназија пристапил во ВМРО и раководел со револуционерен кружок. По завршувањето на гимназијата, неколку години учителствувал во Охрид.

Според некои документи, се смета дека Христо Узунов во револуционерната организација се вклучува во 1896 година заедно со Методиј Патче. Така, Христо Узунов бил и раководител односно организатор на ТМОРО во Охридско и Струшко. Прогонуван од турската власт, на двапати бил затворен во Битола. На познатиот Солунски конгрес на Организацијата во 1903 година била донесена одлука да се крене востание. Конгресот на округот пак, бил закажан во селото Смилево, на 1 мај 1903 година. На него охридскиот војвода Христо Узунов, кој ја предводел делегацијата на Охридската револуционерна околија, предложил, поради недоволната организираност и слабата вооруженост да не се крева востание, во кое не успеал. По задушувањето на востанието, во охридскиот крај останал војводата Христо Узунов, кој по одредено време минато на Смилевската планина, во декември 1903 година се вратил во својата околија за да ги обнови растурените комитети на Организацијата. Во текот на 1904-1905 година Узунов главно својата активност ја насочил во организирање борба против присутните

пропаганди, како и за разрешување на идеолошко-теоретските проблеми со кои се соочувала Организацијата.

Благодарејќи  на него, за илинденското востание се знае многу повеќе, отколку за другите востанички реони. Тој регистрирал сè, го бележел името на секој загинат востаник, на секој убиен селанец, на секој предавник кого организацијата го осудувала на смрт. Денес се познати имињата на сите 478 лица од охридско-струшкиот крај кои загинале во востанието. За големата посветеност на македонското дело на Христо Узунов зборува и неговата средба со селаните од село Куратица, веднаш по трагичниот крај на востанието:

**„Браќа, сонце сакавме, а ни искра не добивме. Нашата земја се натопи со пепел и крв, и за сè знаете, јас сум виновен. Еве ви се предавам, убијте ме, предајте ме, што сакате правете со мене.”**

А потоа востаниците ќе му одговорат:

**“Не, ти не си виновен. Ако раководството даде решение ние повторно ќе се кренеме.”**

Христо Узунов за неуспехот на востанието чувствува голема грижа на совеста. Неговиот сограѓанин Огненов во едно писмо ќе му напише:

**“Брату Арсение(надимак на Христо), тие за тебе имаат повеќе од добро мислење (се смета за сограѓаните), те сметаат за идеален, особено по заминувањето на твоите другари за Бугарија. Сите со гордост го споменуваат твоето име и се чувствуваат особено привилегирани ако некој од нив зборувал со тебе...”**

**Христо Узунов бил многу револтиран од заминувањето на другите членови во Бугарија, иако тој никогаш не престојувал во Софија, туку останал во татковината каде настојувал борбите да продолжат.**

На 24 април 1905 година, од Крушево заминал за кичевско, придружуван од страна на 14 соработници и револуционери, добро вооружени четници и двајца војводи, Ванчо Србаков и Пецето сè со цел да го исполнат решението за егзекуција на петнаесетмината ренегати во една ноќ. Но,во кичевското село Цер биле опколени од многуброен турски аскер со артилерија. Тие не примиле никаква помош па биле принудени или да се предадат или да се самоубијат. Војводата Ванчо Србаков решил на свој ризик, со фрлање на бомби да се обиде да се пробие низ огнот, во кој сепак не успеал. За да не им паднат живи во рацете на Турците живи , тој и неговите 13 соборци се самоубиле.

**Писмото на Христо Узунов до сите чесни револуционери:**
**Браќа,**

Допуштам да сме предадени, но верувам и дека е тоа случајно. Ванчо излезе и беше убиен уште во 10 и три четврти раното, а исто така и четникот Јонче од Дворци

(Кичеевско), кој беше со Пецо.

Мојата архива е распрсната низ целото село. Им ја доверив на три жени, кои не ги познавам. Ванчо исто така ја оставил архивата кај една жена, но не ја знам. Побарајте ја, ќе ја најдете.

Причината зошто не ризикуваме да удриме утринава беше во тоа што од 7 - 8 страни ни отворија оган, па мислејќи дека се мнозина, решивме да се бориме, макар и против поголеми сили, кои што ги очекуваме да дојдат.

Уверен дека не ќе бидеме спасени, за последен пат Ви испраќам братски поздрави на сите другари и пријатели.

Спроти карпата каде што сме сега, го оставив во една дупка на ѕидот моето кесе со четири и пол наполеони, една лира и околу 40 гроша. Тоа се Охридски пари.

Мојот последен совет до сите другари е да бидат искрени кон делото сите оние коишто му служат, зашто само искреноста и често срдечноста ја издигнале внатрешната организација и пак тие ќе ја спасат од аномалноста во која е поставена од недобросовесни наши другари. Да гледате колку што е можно побрзо да ги уништите оние досега раководни сили во Организацијата, кои му нанесле штета на делото, како што е Сарафов, а не да се накажуваат само прости работници.

Нашата идеја ќе биде постигната, ете зошто ќе умрам спокоен, со чиста совест пред законите на нашата света Организација.

Досега намерно со ништо не сум му напакостил на Делото, а ако сте забележале во мене некои грешки, бидете уверени дека тие станале против мојата волја. Молам извинување.

Молам особено да ја поздравите мојата љубезна мајка, којашто никогаш не сум ја заборавил, бидејќи таа ме направи ваков. Нека ме извини и таа дека со ништо не се зарадувала од мене. Особено го поздравувам брат ми Ангеле. Го добив неговото последно писмо и останав задоволен. Да оди во истиот пат што ми го соопшти во писмото. Го советувам да не се одделува од мајка ми. Поздравете ги и роднините.

За последен пат ќе ви повторам. Бидете искрени и пазете основните закони на Орган.Устав.

Останувам со братски бакнежи.

*Христо Узунов*

Давајќи и го писмото на Спировица (која при земањето била ранета) и подвикнал:

**“Последен пат збогум сестро, кажи им на другарите дека славно ќе умрам, смртта е последна кога нема слобода. Нека бидат уверени дека делото ќе победи. Македонија ќе роди нови борци, ние ќе живееме во спомените ваши. Кажете им дека сме предадени.”**

**Писмо на Христо Узунов до неговата мајка**
**“Мила ми мајко,**

Јас сум прв твој син и мој долг е да бидам околу тебе, за да не чувствуваш потреба од ништо. За твојата беспределна љубов, за илјадите неволи и срадания, за безбројните бессони и машителни ноќи, поминати некогаш над леглото над твојот мал, слабичок Луле, јас должам најголеми грижи и неизмерна синовска љубов. Но, можам ли, кога ги чувствуам болките на нашата измачена Татковина, да не се оддадам со љубов на најверен син на нејзиното свето дело?

**- Маките на татковината се повеќе од сите страданија на секоја наша мајка. И јас - без ни најмалку да те навредувам - се чувствувам повеќе син на втората моја мајка - Македонија, отколку на тебе, која си ме родила.**

Те молам - во името пак на моите свети чувства кон тебе - да не жалиш, ни да плачеш за мене. Најдоволен ќе се чувствувам, ако ти со своето држење бидеш за пример на другите мајки и сопруги”

**Реликвија во спомен куќата на Христо Узунов во Охрид**
Во спомен- куќата на Христо Узунов, се чува и реликвија- дел од брадата на Узунов која Василка Крлеска Чавкоска, ја отсекла пред чинот на погребување на војводата кој си го одзеде животот по нерамноправната борба со турскиот аксер во кичевското село Цер во 1905 година, заедно со блиските соработници и уште деветмина комити.

Вредната реликвија на вработените во охридскиот Завод и музеј им ја предал потомок на семејството на Анастасија Узунова од Струга на 24 април - денот на херојскиот чин на Христо Узунов.

Со тоа се оствари аманетот на Ангеле Узунов брат на Христо ,желба која по сплет околности не била реализирана во 1965 година- на пликот потпишан од Ангеле Узунов е запишано: “Делови од брадата на Христо Узунов земени после неговото убиство во Цер и донесени на мајка ми од учителката Фанче Филева од Охрид“.

**Песна за Христо Узунов**
И таму е мојта родина,
далеку Македонија,
јас сакам таму да загинам,
а ти ме забрави за век.

И таму е мојта мајка,
и таму има божи свет,

јас сакам таму да загинам,
ти ме заборави за век.

Не плачи мила моја мајко,
не рони солзи крвави,
ако Христо Узунов падна,
на врагот жив се не даде.

Сестрите нема да ми играт,
над мојот гроб осамотен,
и мајка нема да ми идат,
да лее солзи за мене.

Не жали мила моја родино,
и сите ми другари мој,
ако Христо Узунов падна,
на врагот жив не се даде.